## МАТИЧНИТЕ ЛЕКАРИ ИМ ГО ВОЗВРАЌААТ УДАРОТ НА ШТРАЈКУВАЧИТЕ

# УЈП да објави кој колкава плата зема

Остра реакција на изјавата на претседателот на Синдикатот, Дејан Ставриќ, стигна од Здружението на приватни лекари на РМ. Од Здружението велат дека изјавата на Ставриќ, со која се предлага дел од средствата од матичните лекари да се пренасочат во терцијалното здравство, е врв на ароганција и безобразие. Претседателката на Здружението, Лилијана Чолакова-Дервишова, тврди дека капитацијата на матичните лекари не е плата, туку финансиски средства што ги добиваат приватните здравствени установи од буџетот на Фондот за здравствено осигурување. Таа вели дека со тие пари плаќаат медицински тимови, уште еден лекар или медицински сестри, трошоци, ампули, осигурување од лекарски грешки за да бидат во склад со сите законски нормативи.

- Доколку сметаат дека е добро во приватниот сектор, имаат отворена покана да бидат членови на нашето здружение и наместо да штрајкуваат, да дојдат на пазарот на трудот и да видат што значи опстанок. Сумата на која се осигурани матичните лекари се движи од 15.000 до 20.000 денари, а остатокот од парите се распределуваат за огромните трошоци што ги имаме - изјави Чолакова-Дервишова.

Приватниот сектор се согласува УЈП да објави кој колку заработува за еднаш засекогаш да се знае кој колкави примања има и кој за што штрајкува, се вели во реакцијата на приватните матични лекари.

**М.А.Т.**